ИЗВРШ
РЖ-[redacted]

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите: Лидија [redacted] претседател на советот, [redacted], членови на советот, во правната работа на тужителот [redacted] од Куманово, против тужени Извршител [redacted] од Куманово, за надомест на штета, вредност на спорот 17.567,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Куманово, против пресудата на Основниот суд Куманово МАЛВП-501/2016 од 26.04.2017 година, на нејавната седница на советот одржана на ден 01.06.2018 година, ја донесе следната:

# П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Куманово МАЛВП-501/2016 од 26.04.2017 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Куманово со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот, да се задолжи тужената да плати на тужителот износ од 17.567,00 денари, на име штета причинета со незаконито спроведување на извршување за наплата на парично побарување во постапка И.бр.183/16, со ЗКК од ден на поднесување на тужба 10.10.2016 година, во висина на референтна стапка на Народна банка на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело во тековно полугодие зголемена за осум процентни поени, до исплатата, како и да му плати на тужителот процесни трошоци сторени во текот на оваа постапка, а се ова во рок од 15 дена по правосилност на оваа постапка.

Незадоволен од ваквата пресуда на првостепениот суд останал тужителот па преку полномошник [redacted], адвокат од Куманово изјавил жалба со која ја побива првостепената пресуда, поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право.Предлага жалбата да се уважи, а обжалената пресуда да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.

Одговор на жалбата не е поснесе.

Апелациониот суд Скопје, по испитување на обжалената пресуда, наводите во жалбата и другите списи по предметот, согласно чл. 354 ст.1 од ЗПП најде:

Жалбата е неоснована.

Неосновани се жалбените наводи за сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП, од причини што обжалената пресуда е

јасна и разбирлива, содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд при одлучувањето, поради што може со сигурност да се испита.

Неосновани се жалбените наводи за погрешна примена на материјалното право, во смисла дека согласно Законот за извршување, извршителот нема право да спроведува извршување за наплата на јавни приходи каков што е судскиот паушал и радиодифузната такса затоа што тие приходи се јавни и нив ги управува Управата за јавни приходи и ги наплатува преку свои служби бесплатно, а не преку извршител.

Апелациониот суд Скопје ги ценеше ваквите жалбени наводи но за истите најде дека се неосновани, како што правилно утврдил и првостепениот суд во постапката, затоа што согласно член 3 од ЗИ правилно првостепениот суд утврдил дека надлженост е на сега тужена да постапува по барање за извршување од Основен суд Куманово за паушал на судот, а УЈП има донесено решение за присилна наплата само за прекршочна санкција - глоба што му е изречена на сега тужителот со прекршочната пресуда во износ од 18.450,00 денари. Оваа нешто, како правилно оценил првостепениот суд е видно и од самата прекршочна пресуда, во смисла дека прекршочна санкција - глоба треба да се плати на една уплатна сметка и приходната шифра е различна, додека за паушалот од 1.000,00 денари сметката на буџетски корисник е друга и приходна шифра е друга.

Имено од изведените и ценети докази во текот на постапката на кои им поклонил верба, првостепениот суд утврдил дека пред Основен суд Куманово е водена прекршочна постапка против сега тужителот и таа прекршочна постапка е окончана и е донесена пресуда 9 ПРК-с-1352/12 од 28.04.2015 година, која станала правосилна и извршна на ден 29.06.2015 година, а предметот е архивиран на 07.11.2016 година. Во овој предмет сега тужителот бил огласен за виновен и казнет според закон и воедно со таа пресуда бил задолжен да плати паушал 1.000,00 денари по правосилност на пресудата. По правосилноста на оваа пресуда, до извршител било доставено барање од Основен суд Куманово за наплата на овој паушал против должник [redacted] сега тужителот, по што извршителот донел налог за извршување И.бр.183/16 од 16.02.2016 година, на кој налог сега тужителот не вложил приговор како должник иако имал такво право. Извршителот го наплатил главниот долг од 1.000,00 денари и наплатил 4.000,00 денари трошоци со пресметано ДДВ од должникот сега тужител преку негов работодавец. Извршителот го известил судот на ден 21.03.2016 година дека е наплатен долгот во целост.

Првостепениот суд утврдил дека по барање на полномошник на тужителот во прекршочната постапка била укината клаузулата на правосилност на ден 14.03.2016 година и оваа решение е примено од странките, за да подоцна е ставена друга клаузула на правосилност на пресудата на 29.06.2015 година. Воедно првостепениот суд утврдил дека од списите во предметот видно е дека е направена некоја техничка грешка бидејќи во решението е ставена дата 14.03.2015 во уводниот дел, а на крај стои 14.03.2016, па првостепениот суд утврдил дека долгот е платен по поднесување на барање за извршување и фактички е наплатен пред да се донесе правосилно и извршно решение ПРК-с-1352/12 со кое се укинува правосилност и извршност на пресудата под исти број од 28.04.2015 година бидејќи пресуда е донесена 28.04.2015 година и нема логика решението за укинување на клаузула на правосилност да биде донесено 14.03.2015 година пред да се донесе пресудата.

Оттука, по оцена на овој суд, правилно првостепениот суд утврдил дека во конкретниот случај нема штета направена од страна на тужената, затоа што истата постапувала по барање на судот за извршување. Притоа, правилно првостепениот суд

утврдил дека полномошникот на сега тужителот поднел до УЈП известување на 22.09.2016 година дека клузулата на правосилност и извршност во пркршочен предмет е укината и нема извршна исправа, но на ден 06.08.2016 година пред оваа известување, УЈП донело присилна наплата спрема [redacted] во вкупен износ од 18.450,00 денари која е казна од прекршочниот предмет изречена за сега тужителот.

Предмет на оценка беа и останатите жалбени наводи, за кои овој суд цени дека се без влијание за поинакво одлучување.

Од напред изнесените причини, првостепениот суд правилно го применил материјалното право кога согласно чл.3, чл. 43 и чл. 77 од ЗИ одлучил како во изреката на обжалената пресуда, па во смисла на чл.357 од ЗПП е одлучено како во изреката на оваа пресуда.

Апелационен суд Скопје [redacted] од 01.06.2018 година.

Претседател на совет-судија
[redacted] с.р.